# З А П И С Н И К

Од петнаесеттата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 07.12.2022 година, (среда) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни: 9** советници.

**Отсатни:** Агнеса Зенуни, Абеб Нухии, Адем Јашари, Злате Китаноски и Адем Јетмир Јашари.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред.

## Дневен ред

1.Одлука за пренамена на средства кај дотациите за 2022 година.

Претседателот на Советот кажа, на оваа седница имаме една точка на дневен ред но исто така имаме и три дополнителни точки, а тоа се:

-Одлука за прогласување почесен граѓанин на Општина Брвеница,
-За доделување пакетчиња по повод новогодишните празници,
-Доделување на награди за 26 годишнината за основање на општината.

Маја Зафироска се јави за збор и кажа, јас денеска давам оставка бидејќи сум назначена како ВД-Директор на градинката „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ , благодарност до Градоначалникот, администрацијата, советниците за досегашната соработка.

Претседателот на Советот кажа, согласно Статутот и Деловникот е во ред, ние сме известени и ќе продолжиме со чекорите кои следат понатаму, се надевам дека соработката ќе продолжи, бидејќи вие дадовте оставка не сте член и немате право на глас.

Соодветната од општината кажа, да ве информирам дека ова известување поминува без расправа.

Претседателот на Советот Бујамин Рушити кажа, по однос оставката согласно Деловникот Советот без расправа треба да констатира престанок на мандат на членот на Советот Маја Зафироска.

Советот без расправа констатира престанок на мандат на членот на Советот на Општина Брвеница Маја Зафироска.

Претседателот на Советот праша дали има некој да се јави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор , дневниот ред заедно со дополнителните точки, го ставам на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните 10 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред „ Предлог-Одлука за пренамена на средства кај дотациите за 2022 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, ние одржавме состанок на комисијата, соодветниот од општината ни образложи и ние точката едногласно ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината да образложи по однос точката и по однос измената.

Соодветниот од општината кажа, секогаш се случуваат вакви работи па и оваа седница, се трудев кај школите и кај градинката максимално да се искористат средствата при предвидување во ребалансот за да не се вратат.

Имаме предвидени повеќе средства па сега ги кратиме средствата кај платите и кај придонесите да ги префрлиме кај други трошоци. Кај училиштата од позицијата 401130 на 402110 придонесите се намалуваат и се додаваат за други трошоци, 200.000 за плати и 90.000 за придонеси. Кај градинката се намалуваат 106.000 и се додаваат за други трошоци.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Одлука за пренамена на средства кај дотациите за 2022 година **„** , го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен од присутните 9 советници.

**II**

По однос втората точка на дневен ред, „Предлог-Одлука за прогласување Почесен граѓанин на општина Брвеница „Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа„ се работи за првиот градоначалник на општината а за повеќе ќе ви објасни Секретарот на општината.

Секретарот на општината кажа, по иницијатива на Градоначалникот а во чест на првиот Градоначалник на Општина Брвеница кој ги поставил темелите на истата и дал придонес во нејзиниот развој.

За збор се јави Светлана Стаматовска и кажа, сакам да изразам голема благодарност за сите што го ценеле и почитувале и голема благодарност до администрацијата и колегите советници.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за прогласување Почесен граѓанин на општина Брвеница „ Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа „ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 9 советници.

Мирослав Даиловски зеде збор и кажа, ако може мала измена кај првата точка кај позиција 423, соодветниот по финансии се надоврза и кажа, средствата од позицијата 421 кои се наменети за електрична енергија да се префрлат на позиција 423 за прехрамбени продукти, така што средствата од 421 се бришат.

Претседателот на Советот појасни дека согласно барањето на ВД-Директорката во ЈОУД Брвеница, кое е побарано после изгласувањето на точката за пренамена на средства, и предлогот на Мирослав Даиловски и по објаснувањето на соодветниот по финансии, предлогот од страна на советниците едногласно се прифати.

**III**

По однос третата точка од дневниот ред „ Доделување пакетчиња за Новогодишните празници на децата од сите училишта на територијата на Општина Брвеница, во ЈОУДГ-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ с.Брвеница и „ и децата со посебни потреби. Претседателот на Советот ја прочита истата и го повика Секретарот на општината да образложи.

Секретарот на општината кажа, минатата година воспоставивме традиција на сите првачиња, на децата во градинка и децата со посебни потреби, таа традиција ќе ја продолжиме и оваа година како знак на внимание.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Доделување пакетчиња за Новогодишните празници на децата од сите училишта на територијата на Општина Брвеница, во ЈОУДГ-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ с.Брвеница и „ и децата со посебни потреби„ , ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена со 9 гласови ЗА од присутни 9 советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за определување на паричен износ за награди„ Претседателот на Советот ја прочита истата и повторно го повика Секретарот на општината да образложи по истото.

Секретарот на општината кажа, оваа година воспоставуваме нова традиција, сите оние кои биле вредни и посветени на работата, на образованието и на се она за кое се вложиле и дале труд изминатата 2022 година ќе бидат наградени. Сите се избрани на демократски начин, вкупно на број се 16, наставници од сите училишта исто и ученици, вработени во градинката и во ОЈП, како и вработени од општината. Имаме формирани три Фудбалски клубови и на нив како спортски работници ќе им ја укажеме таа чест. Освен признанието за најдобри, за овие 16 имаме и одвоено по 3.000 денари а тоа е во рамките на можностите на општината. Сите се и сте поканети на таа свечаност а тоа и ќе го формализираме, значи сите ќе добиете покани.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Предлог-Одлука за определување на паричен износ за награди„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 9 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши петнаесеттата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Претседател на Совет**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-3212/2**
**07.12.2022 год.**
**Брвеница**